Macedonian

# Програма NSW Seniors Card

# Водич за членство

Уживајте во бенефициите кои ги заслужуваат постарите лица во Нов Јужен Велс



# Вовед

Програмата NSW Seniors Card е иницијатива на владата на Нов Јужен Велс која е наменета да ги намали животните трошоци за нашите постари граѓани и да го препознае нивниот придонес во нашата заедница.

Преку комбинација на попусти на производи и услуги од илјадници бизниси и дарежливи владини концесии за превоз, таа има за цел да им помогне на постарите лица да живеат во пензија поздраво, посреќно, поактивно, поврзано и ефтино.

Секој граѓанин кој е на возраст над 60 години и постојан жител на Нов Јужен Велс исполнува услови за добивање на една од двете картички кои се нудат преку програмата: **Seniors Card** или **Senior Savers Card**.



## Seniors-картичка

*За постари лица кои работат 20 или помалку часа неделно и примаат плата за тоа (просечно пресметано во период од 12 месеци)*




Оригиналната Seniors Card, која беше воведена во 1992, нуди попусти од над 7.400 бизниси, плус можност за користење на Gold Opal-каритчката и попустите за превоз наменети да им помогнат на лицата кои се целосно или во голема мера пензионирани да живеат поздрав, посреќен, поактивен и поефтин живот.

## Senior Savers-картичка

*За постари лица кои се уште работат повеќе од 20 часа неделно и примаат плата за тоа (просечно пресметано во период од 12 месеци)*




Картичката Senior Savers, која беше додадена во програмата во 2019, им овозможува на зголемениот број на постари лица кои се уште работат после 60-годишна возраст и кои се уште не исполнуваат услови за Seniors-картичка да ги користат попустите од истите 7.400+ бизниси.

Кога сопствениците на Senior Savers-картичка ќе започнат да работат помалку или кога целосно ќе се пензионираат, тие ќе можат да се префрлат на Seniors-картичка со целосни државни попусти за превоз на пензионирани лица.



**Во овој водич ќе најдете повеќе информации и практични совети како најдобро да имате корист од вашето членство.**

Ако сакате да дознаете повеќе или да поднесете молба за картичка, посетете ја веб-страницата **seniorscard.nsw.gov.au** или јавете се во Service NSW на **13 77 88**.

**Лајкни не на Фејсбук @seniorscardNSW**

NSW GOVERNMENT | SENIORS CARD

# Бенефиции за сите членови кои имаат картичка

Сите членови на Seniors Card и Senior Savers Card имаат корист од широк спектар на попусти, понуди, настани и помагала.




- **Илјадници попусти секој ден** кои ги нудат бизнисите во Нов Јужен Велс кои учествуваат во програмата. Осигурете се да ја покажете вашата картичка и да прашате



- **Повеќе деловни попусти во внатрешноста** преку придружни програми на Seniors Card




- **Специјални понуди** од низа бизниси, вклучувајќи корпоративни партнери како што се:

agl

IGA

INSUREANDGO



- **Ексклузивна содржина** вклучувајќи го нашиот месечен **EXTRA е-билтен**, полн со информации, специјални понуди, наградни игри, бесплатни подароци и многу повеќе



- **Навремени информации** за претстојни **настани** и **активности**



- **NSW Seniors Card community** со ведра група на Фејсбук, дневни новости и можности за поврзување



- **Discount Directory** каде можете да ги најдете понудите што ги барате, локално или ширум државата (проверете го онлајн на **seniorscard.nsw.gov.au**)




- **Мобилната апликација Seniors Card** за откривање на тие попусти и понуди дури и кога сте во движење

# Што се нуди

Можеби ќе бидете изненадени колку многу бизниси се приклучија во Програмата Seniors Card за да ви понудат супер попусти. Вашето членување може да ви заштеди пари на се, од заштедување на пари при локално пазарење, трошоци во домаќинството до планирање на следниот голем одмор.

Уживајте во попустите и понудите за членовите во врска со:

- Престој
- Превоз
- Забава и атракции
- Храна и пијалоци
- Здравје и благосостојба
- Градење и подобрување на домови
- Професионални и лични услуги
- Пазарење во малопродажба и онлајн
- Патување и одмори
- Комунални услуги
- И многу повеќе...

# Како максимално да го искористите вашето членство

- Носете ја вашата картичка секогаш кога излегувате
- Обрнете внимание дали знакот 'Seniors Card Welcome Here' се наоѓа на било каков бизнис кој го посетувате
- Не бидете срамежливи – дури и ако не видите знак, прашајте дали имаат попуст за Seniors Card
- Исто така, обавезно прашувајте кога патувате – многу бизниси во другите држави ќе ви го признаат вашето членство во Нов Јужен Велс. (Исто така, можете да ги проверите веб-страниците во другите држави кои се поврзани со програмите на Seniors Card за да видете што нудат тие.)
- Користете го Discount Directory за да најдете попусти во вашето локално подрачје или барајте под вид или имиња на бизниси
- Преземете ја апликацијата за мобилни телефони, Seniors Card, за да ги побарате работите кои се популарни
- Осигурете се да го добивате нашиот EXTRA е-билтен со најновите понуди, информации и бесплатни подароци (ако не сте ни ја доставиле вашата имејл адреса за да го добивате билтенот, тоа можете да го направите сега на **seniorscard.nsw.gov.au**)
- Лајкнете не на Фејсбук за да ги видете специјалните промоции и дневните вести, приказни и најновите вести

SENIORS CARD
welcome here
An initiative of the NSW Government



**Лајкни не на Фејсбук**
**@seniorscardNSW**

NSW GOVERNMENT
SENIORS CARD

# *Дополнителни бенефиции за членовите на Seniors Card*

Како член на **Seniors Card** кој е целосно или во поголема мера пензиониран, вие исто така имате право на дарежливи попусти за користење на јавниот превоз насекаде низ Нов Јужен Велс.

Со Gold Opal-картичката, можете да ги користите услугите за јавен превоз ширум Сиднеј, Blue Mountains, Central Coast, Hunter, Illawarra и Southern Highlands – сите по цена од 2.50 долари на ден, без разлика колку патувате.




## Бенефиции од Gold Opal

Opal е најпогодниот начин за патување со јавниот превоз во Нов Јужен Велс. И Gold Opal за членовите на Seniors Card кои исполнуваат услови доаѓа со најдобрите попусти за превоз. Со Gold Opal добивате:

- **Неограничено патување за 2.50 долари дневно на:**
  - Сите возови во Сиднеј
  - Сите меѓуградски услуги на NSW Trainlink
  - Сите автобуси во Сиднеј, Blue Mountains, Central Coast, Hunter и Illawarra
  - Сите Sydney Ferries (фериботови) и Stockton Ferry во Newcastle
  - Light rail (трамваи)

*Со исклучок на Sydney Airport Station Access Fee (Наплата за пристап на станицата на аеродромот во Сиднеј)

- **Дополнителни попусти за превоз на:**
  - Приватни локални автобуски услуги на редовните линии
  - Сите регионални услуги на NSW Trainlink
  - Билети за екскурзии – овластени за билетите за Country Pensioner Excursion и Regional Excursion Daily
- **Попусти за превоз ширум Австралија** – проверете на веб-страницата на Seniors Card за да ги дознаете поединостите како да се квалификувате во државата или територијата која планирате да ја посетите.
- **Практична, паметна картичка која може да се користи повеќекратно** – многу полесно отколку да купувате билети за екскурзија во печатена форма секогаш кога патувате. Едноставно, преземете го документот и отидете – или поставете го автоматското надополнување на картичката за да не мора никогаш повторно да користите пари во готово.
- **Заштита** – дури и ако ја изгубите вашата картичка или некој ви ја украл, вашиот баланс на сметката е безбеден и заштитен, а можете да го префрлите и на нова картичка.

За повеќе информации за попустите за превоз, посетете ја веб-страницата **www.transportnsw.info** или јавете се на **131 500**

## Како да ја добиете вашата Gold Opal-картичка

Имајте го при рака 9-цифрениот број на вашата Seniors Card и поднесете молба на еден од следните три начини:

- **ОТИДЕТЕ НА www.opal.com.au**
- **ЈАВЕТЕ СЕ НА 13 67 25 (13 OPAL)**
- **ОТИДЕТЕ ВО било кој центар на Service NSW**

Имате ли прашања како да ја активирате вашата картичка, како да ја надополните, да нарачате нова картичка или било какви прашања во врска со Opal? Јавете се на **13 67 25 (13 OPAL)** или посетете ја веб-страницата **www.opal.com.au**

**Ве молиме, обрнете внимание:** Сопствениците на Senior Savers-картичка кои се уште работат 20 или повеќе часа неделно и примаат плата се уште не исполнуваат услови за Gold Opal-картичка и попусти за превоз за пензионери. Сопствениците на Senior Savers-картичка можат да се префрлат на Seniors-картичка со која можат да добиваат целосни попусти кога ќе започнат да работат помалку или кога целосно ќе се пензионираат.

# Список на корисни контакти

**Итен случај – брза помош, полиција и противпожарна бригада**
T: 000

**Дежурна линија на доктори од општа пракса (GP) после работно време**
T: 1800 022 222

**My Aged Care**
www.myagedcare.gov.au
T: 1800 200 422
Понеделник до петок, од 8 ч. наутро до 8 ч. навечер
Сабота, од 10 ч. наутро до 2 ч. попладне

**Државна служба на Нов Јужен Велс за вонредна состојба (SES)**
T: 132 500

**Lifeline**
T: 13 11 14
24-часовна поддршка во кризни ситуации

**NSW Poisons Information Centre (Информативен центар на Нов Јужен Велс за отрови)**
T: 13 11 26

**Elder Abuse Helpline (Дежурна линија за малтретирање на постари лица)**
T: 1800 628 221

**NSW Seniors Information Service (Информативна служба на Нов Јужен Велс за постари лица)**
T: 137 788

**Transport NSW**
www.transport.nsw.gov.au
T: 131 500

**Оддел за Fair Trading**
www.fairtrading.nsw.gov.au
T: 13 32 20
Понеделник до петок, од 8:30 ч. наутро до 5 ч. попладне

**Centrelink**
www.servicesaustralia.gov.au/individuals/centrelink
T: 132 468

Ако патувате во внатрешноста, стапете во контакт со соодветната канцеларија на Seniors Card за да дознаете за попусти кои можете да ги користите како член на NSW Seniors Card.

**Територија на главниот град на Австралија Seniors Card COTA ACT**
T: (02) 6282 3777
www.actseniorscard.org.au

**Северна територија Seniors Card**
T: 1800 441 489
www.ntseniorscard.org.au

**Квинсленд Seniors Card**
T: 13 QGOV (13 74 68)
www.qld.gov.au/seniorscard

**Јужна Австралија Seniors Card**
T: 1800 819 961
www.sa.gov.au/seniorscard

**Тасманија Seniors Card**
T: 1300 135 513
www.seniors.tas.gov.au

**Западна Австралија Seniors Card**
Seniors Card Centre
T: 1800 671 233
www.seniorscard.wa.gov.au

# Информации за доверливост на податоци/Изјава за одрекување од одговорност



Seniors Card и Senior Savers Card препознаваат колку е важна доверливоста на вашите податоци и се обврзуваат да ги заштитат сите лични податоци кои ги чуваме за вас. Ги земаме само они лични податоци кои ни се потребни да ја изведуваме нашата работа и ќе ги користиме или дадеме на друга странка овие податоци за целите за кои сте ни ги доставиле. Ова вклучува доставување на вашата Seniors-картичка или Senior Savers-картичка, годишниот Seniors Directory (Каталог за постари лица), испраќање на писма и информации за активности за членовите. Seniors Card може исто така да анкетира некои членови со цел да ги подобриме нашите услуги. Личните податоци кои ги собираме и чуваме за вас ги вклучуваат податоците за вас кои ни ги давате кога поднесувате молба за Seniors-картичка или Senior Savers-картичка или кога пополнувате онлајн формулар на нашата веб-страница. Ова ќе ги вклучува вашето име и презиме, адреса, датум на раѓање и податоци за контакт.

Ако сакате да прочитате повеќе за нашиот Privacy Policy (Правилник за доверливост на лични податоци), ве молиме, посетете не онлајн на:
**http://www.seniorscard.nsw.gov.au/privacy-policy**

# Контактни податоци

Можете да стапите во контакт со NSW Seniors Card на повеќе начини.

W: **www.seniorscard.nsw.gov.au**

T: **13 77 88**

E: **info@service.nsw.gov.au**

Ако сте глуви, наглуви или имате оштетен говор, јавете се во Националната служба за поврзување на лица со оштетен слух или говор (NRS) на **133 677** (TTY-корисници) или **1300 555 727** (корисници на 'Speak and Listen') пред да се јавите на телефонскиот број на Service NSW.

## Обновете ги вашите податоци или нарачајте нова картичка

Важно е да не известите кога ќе ви се сменат податоците за контакт. За да ги обновите вашите податоци или да нарачате нова картичка:




- посетете ја веб-страницата **www.service.nsw.gov.au**
- испратете имејл на **info@service.nsw.gov.au**
- телефонирајте на **13 77 88**
- или отидете во било кој центар на **Service NSW**

**Лајкни не на Фејсбук @seniorscardNSW**